**З А П И С Н И К**
**од Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 17.7.2018 година**

**Скопје, јули 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 17.7.2018 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Арбер Адеми, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Мила Царовска, министерка за труд

и социјална политика и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записникот од 77-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.7.2018 година

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Барање за продажба на движни ствари, со Предлог-одлуки

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на Националната номенклатура на индустриски производи, 2008

3. Годишна сметка на АД Аеродроми на Македонија за 2017 година, Годишен извештај за работење на АД Аеродроми на Македонија за 2017 година, Извештај за резултатите од контрола на Надзорниот одбор над управувањето на АД Аеродроми на Македонија за 2017 година, Извештај на независен ревизор, со дополнување кон материјалот и Предлог-одлука

4. Информација за финансирање на изградбата на фотонапонска електрана со инсталирана моќност од 10 MW во кругот на РЕК Осломеј

**б) Економски систем и тековна економска политика**

5. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлуки

6. Информација за изработка на ажурирана геодетска подлога за Државна урбанистичка планска документација за брана и акумулација „Конско“ со придружни објекти (дел од хидросистемот „Конско“), Општина Гевгелија, одобрена од министерот за транспорт и врски со Решение бр.24-4414/26 од 17.10.2016 година, со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година

7. Информација со Предлог-текст на Меморандум помеѓу Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Министерството за градежништво, сообраќај и инфраструктура на Република Србија, за размена на искуства во областа на е-просторот, со усогласен текст на Меморандум

8. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Катлановско Брдо“ Општина Петровец, со Предлог-одлука

9. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Бабин Дол“ Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука

10. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гипс на локалитетот „Бајров Клак и Широки Нивишта“ Општина Дебар, со Предлог-одлука

11. Информација за еднострн раскин на договорите за концесија на дивечот во ловиште „Кишино“ и „Џумајлија“ во ловен реон Св.Николе и „Тажево“ во ловен реон „Македонски Брод“, со Предлог-одлуки

12. Информација во врска со започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони и за вршење стопански риболов на риболовни подрачја, со Предлог-одлуки

13. Информација за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.06/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение

**в) Политички систем**

14. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба, по скратена постапка

15. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права, Рамковски против Република Македонија, А.бр.33566/11, со Предлог-одлука

16. Информација за правосилноста на пресудата на ЕСЧП, Селами и др. против Република Македонија, А.бр. 78241/13, со Предлог–одлука

17. Информација за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/568 на Советот од 12 април 2018 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки наменети против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран, со Предлог –одлука

18. Информација за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/569 на Советот од 12 април 2018 година за спроведување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго, со Предлог-одлука

19. Информација за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/611 на Советот од 19 април 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, со Предлог-одлука

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

20. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија

21. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2018 година

22. Предлог-уредба за Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца-детски градинки по општини за 2019 година

23. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на КП 113 КО Бадар, Општина Петровец, со Предлог-одлука

24. Информација во врска со потребата од донесување одлука за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, со Предлог-одлука

25. Информација за учество на македонска делегација на осмата Конференција на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, која ќе се одржи во Женева, Швајцарија од 1 до 6 октомври 2018 година

26. Информација со барање за отпочнување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка и Акционен план за реконструкција, пренамена, адаптација и доградба на ЈЗУ Општа болница Кичево – втора фаза

27. Информација за активностите за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините

28. Информација за утврдената состојба на музичката продукција на Македонската радио телевизија

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

29. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „Ергела“, Општина Новаци

30. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „Врбица“, с. Стари Истевник, Општина Делчево

31. Предлог-решение за определување на надоместок на членовите на Комисијата за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции

**б) Политички систем**

32. Предлог-одлука за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

33. Барање за давање на автентично толкување на член 68 став (2) од Законот за нотаријатот, поднесено од пратеникот Бетиане Китев

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

34. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.44/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Мислењето на Владата на Република Македонија по Барање за автентично толкување на одредби од Царинскиот закон, бр.44.1-8335/1-17, поднесена од Сања Даневска од Скопје

35. Иницијатива поднесена од „Македонско здружение на млади правници“ од Скопје до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.53/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2018)

36. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 28872 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.1068, викано место/улица „ул. 23“

37. Понуда од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56236 за КО Штип 6 и Имотен лист бр.20758 за КО Штип 6 на КП бр.10791 викано место Горни Бунар

38. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13024 за КО Сарај на КП бр.10563/2

39. Понуда за продажба на сосопственички дел од недвижен имот – земјиште кое претставува 36/50 идеален дел од КП бр. 7148/2 КО Карпош евидентиран во имотен лист бр. 79805, доставена од нотар Жаклина Николиќ од Скопје

40. Понуда доставена од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5129 за КО Драчево 2 на КП бр.6970 викано место Дашкова Црница

41. Понуда од нотар Драган Иванов од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.54371 за КО Кисела Вода 1, КП 4552/3, викано место/улица М. Мијалковиќ 18

42. Понуда од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1836 и Имотен лист бр.26787 за КО Јурумлери на КП бр.435

43. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување), доставени под И бр.813/18

**д) Други предлози**

44. Кадровски прашања

45. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

46. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Министерството за правда (сметка на основен буџет 637 и 631 и депозитна сметка 696)

47. Извештај за работа на Државен завод за статистика во 2017 година

48. Информација за Годишен извештај за спречување на неправилности и сомнежи за измами, согласно Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување на неправилностите во текот на 2017 година

49. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2017 година, со табеларен преглед – збирен извештај за финансиско работење

50. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014 - 2020 во Министерството за труд и социјална политика, за периодот јануари - мај 2018 година

51. Прв годишен извештај за имплементацијата на „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика - ЕСРП 2020“ за 2017 година

52. Информација за состојбите со повторно определување на пензиите во врска со одржана средба помеѓу делегациите на Република Македонија и Република Србија за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

53. Предлог-закон за изменување на Изборниот законик, по скратена постапка

54. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за давање концесија на риби за вршење стопански риболов со бр. 41-6502/1 од 22.8.2012 година на риболовното подрачје „Охридско Езеро“

55. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за давање концесија на риби за организирање рекреативен риболов со бр.41-6496/1 од 22.8.2012 година на рекреативната зона „Охридско Езеро“

56. Информација за давање согласност на Решението за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари по Јавен оглас бр.04/18, со Предлог-решение

57. Информација за задолжување на Општина Пехчево кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје со Предлог-одлука за задолжување на Општина Пехчево со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

58. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги Ф&М 2017 ДОО Експорт-Импорт с. Врапчиште, Гостивар за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

59. Информација за повеќегодишна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот септември 2018 – септември 2020 за потребите на населението на Република Македонија

60. Информација за започнување на подготвителни работи и претходна анализа за можноста за воспоставување на јавно приватно партнерство преку формирање Регионален проект за фракционирање на крвна плазма и безбедност во снабдувањето со крв

61. Информација за Национална стратегија за сајбер безбедност 2018-2022, со текст на Национална стратегија

62. Информација за стратегија за отворени податоци 2018-2020

63. Информација за проектот „Модернизација на системот за управување со човечки ресурси (ХРМИС)“ и барање одобрение за спроведување на повеќегодишна јавна набавка „Модернизација на системот за управување со човечки ресурси (ХРМИС)“

64. Барање на Александар Кировски за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

65. Информација за потребата од вработување на референт за ромски прашања во единиците на локалната самоуправа

*

*         *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 77-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.7.2018 година.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Барањето за продажба на движни ствари, со Предлог-одлуки ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за продажба на движни ствари (отпадок од железо со дебелина од 3 до 6 мм), во предложениот текст.

2. Одлуката за продажба на движни ствари (отпадок од железо/лим со дебелина до 3 мм), во предложениот текст.

3. Одлуката за продажба на движни ствари (отпадок од железо со дебелина од 6 мм и повеќе и моноблок тркала и бандажи), во предложениот текст.

4. Одлуката за продажба на движни ствари (стари оловни акумулатори), во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на Националната номенклатура на индустриски производи, 2008, во предложениот текст.

**<u>Точка 3</u>**

Владата по Годишната сметка на АД „Аеродроми на Македонија“ за 2017 година, Годишниот извештај за работење на АД „Аеродроми на Македонија“ за 2017 година, Извештајот за резултатите од контрола на Надзорниот одбор над управувањето на АД Аеродроми на Македонија за 2017 година, Извештајот на независен ревизор, со дополнување кон материјалот и Предлог-одлука, заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Македонија“ во државна сопственост-Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

2. Го разгледа Извештајот за резултатите од контрола на Надзорниот одбор над управувањето на АД „Аеродроми на Македонија“ за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за финансирање на изградбата на фотонапонска електрана со инсталирана моќност од 10 MW во кругот на РЕК Осломеј и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува АД „ЕЛЕМ“ да ја започне постапката со Европската банка за обнова и развој - ЕБОР за склучување на Договор за заем, без државна гаранција и без обезбедување на заемот за финансирање на изградбата на фотонапонската електроцентрала на локација Осломеј, согласно Предлог-условите од Одлуката на Управниот одбор на АД ЕЛЕМ, УО бр.02-3520/43/3 од 2.7.2018 година за отпочнување на постапка за задолжување, без државна гаранција за финансирање на изградбата на фотонапонската електрана, локација Осломеј со инсталирана моќност од 10MW и Одлуката од Надзорниот одбор на АД „ЕЛЕМ“, НО бр.02-3570/15/1 од 3.7.2018 година.

2. Се задолжува АД „ЕЛЕМ’ да подготви и до Владата да достави Гантограм, со Акциски план со конкретни активности и рокови за имплементација на овој проект, се до прием на фотонапонската електрана во работа.

3. Се задолжува АД ЕЛЕМ да подготвува и на секои три месеци до Владата да доставува информации за степенот на реализација на проектот „Изградба на фотонапонска електрана со инсталирана моќност од 10 MW во кругот на РЕК „Осломеј“ “.

**Точка 5**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош, во предложениот текст.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за храна и ветеринарство, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита на личните податоци, во предложениот текст.

5. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Институтот за стандардизација на Република Македонија, во предложениот текст.

6. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за животна средина и просторно планирање, во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда, во предложениот текст.

8. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација, во предложениот текст.

9. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за европски прашања, во предложениот текст.

10. Го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Управата за јавни приходи, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на ажурирана геодетска подлога за Државна урбанистичка планска документација за брана и акумулација „Конско“ со придружни објекти (дел од хидросистемот „Конско“), Општина Гевгелија, одобрена од министерот за транспорт и врски со Решение бр.24-4414/26 од 17.10.2016 година, со нов текст на Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година, во предложениот текст.

2. Се препорачува на Агенцијата за планирање на просторот, во рок од пет дена до Агенцијата за катастар на недвижности да достави дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на државна урбанистичка планска документација за брана и акумулација „Конско“ со придружни објекти (дел од хидросистемот „Конско“), Општина Гевгелија, одобрена со Решение од министерот за транспорт и врски бр.24-4414/26 од 17.10.2016 година.

3. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности по добивање на дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на државна урбанистичка планска документација за брана и акумулација „Конско“ со придружни објекти (дел од хидросистемот „Конско“), Општина Гевгелија, одобрена со Решение од министерот за транспорт и врски бр.24-4414/26 од 17.10.2016 година, во рок од 40 дена да изработи ажурирана геодетска подлога и истата да ја достави до Агенцијата за планирање на просторот.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-текст на Меморандум помеѓу Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Министерството за градежништво, сообраќај и инфраструктура на Република Србија, за размена на искуства во областа на е-просторот, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандум помеѓу Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Министерството за градежништво, сообраќај и инфраструктура на Република Србија за размена на искуства во областа на е-просторот.

2. Се овластува м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски да го потпише Меморандумот помеѓу Министерството за транспорт и врски на Република Македонија и Министерството за градежништво, сообраќај и инфраструктура на Република Србија за размена на искуства во областа на е-просторот.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Катлановско Брдо“ Општина Петровец, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Бабин Дол“ Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гипс на локалитетот „Бајров Клак и Широки Нивишта“ Општина Дебар, со Предлог–одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за едностран раскин на договорите за концесија на дивечот во ловиште „Кишино“ и „Џумајлија“ во ловен реон Св.Николе и „Тажево“ во ловен реон „Македонски Брод“, со предлог-одлуки (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.7 „Кишино“ во ловен реон Свети Николе, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за еднostran раскин на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.8 „Џумајлија“ во ловен реон Свети Николе, во предложениот текст.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за еднostran раскин на договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.5 „Тажево“ во ловен реон Македонски Брод, во предложениот текст.

4. Го донесе новиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето „Кишино“ во ловен реон Свети Николе, во предложениот текст.

5. Го донесе новиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето „Џумајлија“ во ловен реон Свети Николе, во предложениот текст.

6. Го донесе новиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот во ловиштето „Тажево“ во ловен реон Македонски Брод, во предложениот текст.

7. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да подготви во рок од 30 дена до Владата да достави нова Информација во врска со настанатата состојба со граѓански судски спор за ловиште број 2 „Конечко“ – Штип и можни последици од истиот.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст Информацијата во врска со започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони и за вршење стопански риболов на риболовни подрачја, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 1 - Кичевски“, во предложениот текст.

2. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 – Демир Хисарски“ (нов текст), во предложениот текст.

3. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“, во предложениот текст.

4. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црн Дрим 2“, во предложениот текст.

5. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски слив“, во предложениот текст.

6. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“, во предложениот текст.

7. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“, во предложениот текст.

8. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Дојранско Езеро“, во предложениот текст.

9. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ (нов текст), во предложениот текст.

10. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Дојранско Езеро“ (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр.06/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

2. Го донесе најновиот текст на Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереничка Маја Малјановска, раководителка на сектор во Министерството за правда.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права, Рамковски против Република Македонија, А.бр.33566/11, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на ЕСЧП, Селами и др. против Република Македонија, А. бр. 78241/13, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година во вкупен износ од 20.000 евра во денарска противвредност по пресудата на ЕСЧП, Селами и др. против Република Македонија, А.бр. 78241/13, на сметка на Неџми Селами, најдоцна до 1 септември 2018 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/568 на Советот од 12 април 2018 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки наменети против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/568 на Советот од 12 април 2018 година за изменување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки наменети против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/569 на Советот од 12 април 2018 година за спроведување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2018/569 на Советот од 12 април 2018 година за спроведување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информација за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/611 на Советот од 19 април 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, со нов текст на Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/611 на Советот од 19 април 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија за наредната седница на Владата, поради дополнителни усогласувања и поради потребата Министерството за внатрешни работи и АД за поштенски сообраќај Македонска пошта – Скопје да достават мислења по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за научно - истражувачката дејност за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја донесе Уредбата за Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца-детски градинки по општини за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на КП 113 КО Бадар, Општина Петровец, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување одлука за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициентите и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за култура потребните финансиски средства да ги обезбеди во рамките на расположливите средства во соодветната фискална година, согласно Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за учество на македонска делегација на осмата Конференција на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, која ќе се одржи во Женева, Швајцарија од 1 до 6 октомври 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, како надлежна институција за имплементирање на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, да ја достави до Владата информацијата/платформата за учеството на македонската делегација на Осмата конференција на земјите договорни страни на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, на првата седница во септември 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи по отворањето на регистрацијата на делегатите за Осмата конференција на земјите договорни страни на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација (КОП8), да подготви и достави акредитација за делегацијата на Република Македонија која ќе учествува на Конференцијата во Женева, до Секретаријатот на Рамковната конвенција за контрола на тутунот при Светската здравствена организација.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со барање за отпочнување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка и Акционен план за реконструкција, пренамена, адаптација и доградба на ЈЗУ Општа болница Кичево – втора фаза и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде одобрение за спроведување постапка за доделување повеќегодишен договор за јавна набавка кој ќе биде предвиден со програма опфатена во развојниот дел на буџетот на Министерството за здравство за 2018, 2019 и 2020 година.

2. Го прифати барањето на Министерството за здравство за обезбедување финансиски средства во износ од 298 милиони денари, без ДДВ за буџетските години 2018, 2019 и 2020 година и тоа:
- 40 милиони денари без ДДВ за 2018 година,
- 129 милиони денари без ДДВ за 2019 година и
- 129 милиони денари без ДДВ за 2020 буџетска година,
кои да се обезбедат во рамки на буџетот на Министерството за здравство.

3. Се задолжува Министерството за здравство повремено да ја информира Владата за активностите спроведени за реконструкција, пренамена и адаптација и доградба на ЈЗУ Општа болница Кичево

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за активностите за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините (со нов текст на заклучоци), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за локална самоуправа, да подготви и до крајот на декември 2018 година до Владата да достави предлог за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините.

## Точка 28

Владата по Информацијата за утврдената состојба на музичката продукција на Македонската радио телевизија, со заклучоци и препораки од работната група, заклучи:

- се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, во рок од 30 дена да организира и одржи координативен состанок со Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и Асаф Адеми, министер за култура, и членовите на Работната група формирана во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, со цел до Владата да предложат усогласен став по ова прашање, имајќи го предвид овој извештај на Работната група и целосната детална анализа за состојбите во Македонската радио-телевизија.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот „Ергела“, Општина Новаци, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина–глина на локалитетот „Врбица“, с. Стари Истевник, Општина Делчево, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе Решението за определување на надоместок на членовите на Комисијата за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за внатрешни работи - Гранична полиција и Министерството за финансии - Царинската управа да преземат мерки за непречен премин на припадниците на Американската команда на Копнената војска за Европа на државната граница на Република Македонија.

**Точка 33**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 68 став (2) од Законот за нотаријатот, поднесено од пратеникот Бетиане Китев и притоа го утврди следното мислење:

Воведувањето на нотаријатот како самостојна и независна јавна служба позитивно се одрази врз целокупниот правен систем во Република Македонија, од аспект на зголемувањето на правната сигурност и ефикасност во остварувањето и заштитата на правата на граѓаните во Република Македонија, од причина што нотаријатот ги опфаќа само неспорните правни работи, како и неспорните предмети кога постапуваат како повереници на судовите и другите органи.

Поднесеното Барање за давање на автентично толкување се однесува на член 68 став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16 и 142/16).

Подносителот на Барањето наведува дека имајќи го предвид фактот дека во период од 1.1.2017 година кога започна да се применува Законот за нотаријатот, се отворило дилема дали при доставувањето на предлози за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, а кои што предлози се состојат од повеќе фактури за неплатени сметки за вода сите одделно на сума помала од 2.000,00 денари, а вкупна сума на сите фактури збирно во предлогот надминува 2.000,00 денари, потребен е адвокатски печат. Некои нотари биле на ставот дека предлозите за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа мора да содржи адвокатски печат доколку вредноста на сите фактури збирно надминува над 2.000,00 денари.

Практично примената на членот 68 став (2) предизвикувала нејасност и непрецизност. Според подносителот некои нотари носеле решенија за нотарски платен налог без адвокатски печат за долг од поединечни фактури со помала вредност од 2.000,00 денари, а вкупната вредност на долгот е над 2.000,00 денари, а некои барале задолжително адвокатски печат во вака опишан случај, ова од причина што некои ја толкувале одредбата од Законот дека веродостојна исправа била фактура засебно, а не збир од сите фактури, а некои сметале дека решението се издава на цела сума.

Според подносителот, потребата за давање на автентично толкување исто така е во смисла на тоа, како треба да се толкува членот 68 став (2) од Законот за нотаријатот, односно дали Предлогот за нотарски платен налог кој се однесува за долг од поединечни фактури со помала вредност од 2.000,00 денари, а вкупна вредност на долг збирно по сите фактури е над 2.000,00 денари, се доставува без адвокатски печат или задолжително со адвокатски печат односно дали членот 68 став (2) од Законот за нотаријатот се применува и за случаите кога има вкупен долг од 300, 400, 500 денари и го надминува износот од 2.000,00 денари односно дали во ваков случај предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа мора да содржи задолжително адвокатски печат.

Имено според член 68 став (2) од Законот за нотаријатот, предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог или по однос на одлуката за трошоците, приговорот против решението на нотарот со кое се отфрла предлогот како неуреден, предлогот за укинување на потврдата на правосилност и извршност, приговорот против решението на нотарот за укинување на потврдата за правосилност и извршност, приговорот против одлуката на нотарот со која се одбива предлогот за укинување на потврдата на правосилност и извршност, жалбата против решението на судот, задолжително ги составува адвокат и содржат адвокатски печат и потпис, освен доколку доверител е Република Македонија.

Според став (3) од истиот член е пропишано дека по исклучок од ставот (2) од овој член, предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог од страна на доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги и тоа:
- за вода, смет и одржување на заеднички простории за парично побарување од веродостојна исправа до 2.000,00 денари, за електрична или топлинска енергија за парично побарување од веродостојна исправа до 6.000,00 денари,
- за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за парично побарување од веродостојна исправа до 2.000,00 денари, се поднесува непосредно до нотарот.

Имајќи ги предвид горенаведените одредби неспорно е дека со членот 68 став (3) од Законот за нотаријатот, се пропишува исклучокот од ставот (2) на овој член, односно дека доверителот врз основа на овој член го поднесува предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа непосредно до нотарот, за побарување кое произлегува од комунални услуги пропишани со овој став и тоа од веродостојна исправа и доколку во предлогот има повеќе веродостојни исправи спрема ист должник по основ на иста комунална услуга, секоја од веродостојните исправи, без оглед на нивниот број во предлогот треба да биде во рамките на условите од член 68 став (3) од Законот за нотаријатот, односно без оглед на бројот на веродостојните исправи во предлогот, износот во секоја поединечна веродостојна исправа не треба да го надмине износот определен со членот 68 став (3) од Законот за нотаријатот.

Со оглед на тоа дека одредбата за која се бара автентично толкување е јасна и прецизна и не предизвикува нејаснотии и различни толкувања при нејзината примена Владата на Република Македонија му укажува на Собранието на Република Македонија дека законската одредба на член 68 став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16 и 142/16) е доволно јасна и прецизна заради што не е оправдано барањето за давање на автентично толкување и согласно тоа Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на оваа одредба од Законот.

**<u>Точка 34</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.44/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Мислењето на Владата на Република Македонија по Барање за автентично толкување на одредби од Царинскиот закон, бр.44.1-8335/1-17, поднесена од Сања Даневска од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Оспореното Мислење бр.44.1-8335/1-17 од 27.2.2018 година е донесено по повод поднесено Барање за автентично толкување на членот 4 точка 14 и членот 264 став 1 точка 14 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“, бр.39/2005 ... 23/2016), од пратеничката Мира Стојчевска и со истото е дадено мислење дека оспорените законски одредби се јасни и нема потреба од давање на автентично толкување на истите.

Имајќи го предвид образложението на оспореното Мислење бр.44.1-8335/1-17 од 27.2.2018 година, Ве известуваме дека во целост се согласуваме со истото.

Воедно, се смета за потребно да укажеме на следното:

Подносителот на Иницијативата меѓу другото наведува дека со Мислењето на Владата се повредува членот 14 точка 1 од Глава 2 од Уставот на Република Македонија, според кој „Никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна“ и дека со Мислењето на Царинската управа и се давало надлежност за поведување првостепена прекршочна постапка што било спротивно на членот 17 од Законот за даночна постапка.

Наведените наводи, се смета дека се во целост неосновани од причина што надлежноста за поведување првостепена прекршочна постапка е законска материја и истата не може да биде дадена со Мислење на Владата на Република Македонија. Една од основните надлежности на Царинската управа утврдена со Законот за Царинска управа е водење на

прекршочна постапка, изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен царински прекршок, за кои дела исклучива надлежност има царинскиот прекршочен орган утврден со Законот за Царинската управа. Царинските прекршоци се пропишани во Глава 2 од Царинскиот закон.

Истовремено, се укажува дека надлежноста на Уставниот суд на Република Македонија е утврдена со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија.

Според член 19 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, секој може да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на закон и уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт.

Имајќи предвид тоа што Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста е поднесена на Мислење, односно на акт кој нема карактер на пропис, сметаме дека истата треба да биде отфрлена.

Исто така, во поднесената Иницијатива е даден предлог до Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за утврдување на надлежност за тоа кој е надлежен за поведување првостепена прекршочна постапка при помалку пресметан ддв во увозна царинска декларација.

Согласно член 62 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, предлог за решавање на судир на надлежност меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт и меѓу органите на Републиката и на единиците на локалната самоуправа може да поднесе и секој што поради прифаќањето или одбивањето на надлежноста на одделни органи не може да оствари свое право.

Според член 63 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, субјектите од член 62 од овој деловник, кои поради прифаќањето или одбивањето на надлежноста не можат да остварат свое право, предлогот за решавање на судирот на надлежноста може да го поднесат откако и двата органи ја прифатиле или ја одбиле надлежноста со конечен или правосилен акт.

Имајќи ги предвид наведените одредби, а во отсуство на акт со кој се прифаќа или се одбива надлежноста од органите за водење на првостепена прекршочна постапка, наводите на Иницијативата се паушални и законски непоткрепени.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија, поднесената Иницијатива и предлогот за поведување на постапка за утврдување на надлежност за поведување првостепена прекршочна постапка при помалку пресметан ддв во увозна царинска декларација, да ги отфрли, согласно член 28 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија.

**<u>Точка 35</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од „Македонско здружение на млади правници“ од Скопје до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.53/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за меѓународна и

привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на членовите 63 и 65 од Законот за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2018), при што цени дека се повредуваат одредбите од член 12 став 1, 2 и 4, но и член 8 алинеи 1 и 3 и член 118 од Уставот на Република Македонија.

Наводите на подносителот на Иницијативата, што се однесуваат на колизија на членот 63 и 65 од Законот за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2018), со посочените уставни одредби, се неосновани од следните причини:

Членовите 63 и 65 од Законот за меѓународна и привремена заштита:

„Ограничување на слобода на движење

Член 63

(1) На барателот на право на азил во исклучителни случаи може да му се ограничи слободата на движење, ако други помалку принудни алтернативни мерки согласно со националното законодавство (одземање идентификациона исправа, редовно пријавување) не можат ефективно да се применат.

(2) Исклучителните случаи од ставот (1) на овој член единствено се:
- утврдување и проверка на идентитет и државјанство,
- утврдување на фактите и околностите врз основа на кои е поднесено барањето за право на азил, а кои не можат да се утврдат без ограничување на движење, посебно ако се процени дека постои ризик од бегство,
- заштита на јавниот ред или националната безбедност или
- задржување на странецот заради постапка согласно со прописите за странци за враќање на странци кои нелегално престојуваат во земјата, со цел да се подготви враќањето или да се спроведе процесот на отстранување, а веќе имал пристап до постапката за признавање на право на азил, а постои разумен основ да се верува дека поднел барање за меѓународна заштита со цел да се одложи или отежни извршувањето на одлуката за враќање.

(3) Ризикот од бегство на барателот на право на азил се проценува врз основа на факти и околности за конкретен случај, посебно земајќи ги предвид и претходните обиди за самоволно напуштање на Република Македонија, одбивање да се провери и утврди неговиот идентитет, прикажување на лажни податоци за неговиот идентитет и државјанство.

Орган кој донесува одлука за ограничување на слобода на движење

Член 65

(1) Министерството за внатрешни работи донесува решение за изрекување мерка за ограничување на движењето на барателот на право на азил во кое се утврдува рокот на траење на мерката.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член, барателот на право на азил има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од пет дена од денот на приемот на решението.

(3) Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

(4) Постапката пред надлежниот суд е итна.“.

Интегрирањето во Европската Унија преставува јасно и недвосмислено изразен стратешки интерес и приоритетна цел на Република Македонија, се до нејзиното полноправно членство во Европската Унија. Едно од основните барања за интеграција на Република Македонија во Европската Унија е усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.

Во тој контекст, со новиот Закон за меѓународна и привремена заштита се изврши висок степен на усогласување со европското acquis односно законодавство во областа на азилот односно меѓународната заштита, што е констатирано и во Извештајот на Европската Унија за напредокот на Република Македонија за 2018 година.

Со Законот за меѓународна и привремена заштита се врши делумно усогласување со европските директиви во областа на азилот односно меѓународната заштита и тоа: 1.ДИРЕКТИВА 2011/95/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И СОВЕТОТ од 13 декември 2011 година за стандарди кои треба да ги исполнат лицата кои се државјани на трети земји или се лица без државјанство за да се квалификуваат како корисници на меѓународна заштита, за еднаков статус за бегалци или за лица со право на супсидијарна заштита и за содржината на дадената заштита; 2. ДИРЕКТИВА 2013/32/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 26 јуни 2013 година за заедничка постапка при доделување и повлекување на меѓународната заштита; 3.ДИРЕКТИВА 2013/33/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 26 јуни 2013 година за утврдување на стандарди за прием на баратели на меѓународна заштита и 4.ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 2001/55 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 20 јули 2001 за минимум стандарди за давање на привремена заштита во случај на масовен прилив на раселени лица кои не се во можност да се вратат во нивната земја и воспоставување рамнотежа меѓу активностите на земјите членки при прием на раселени лица, како и при поднесувањето на последиците од таквите активности.

Една од клучните новини во Законот е уредување на можноста за ограничување на слобода на движење на барателите на право на азил (од член 63 до член 66) во исклучителни случаи, со што се врши усогласување со членовите 8, 9, 10 и 11 од Директивата на ЕУ 2013/33/ЕУ од 26 јуни 2013 година за утврдување на стандарди за прием на баратели на меѓународна заштита.

Исклучителните случаи во кои на барателот на азил може да му се ограничи слободата на движење се прецизно дефинирани во член 63 од текстот на Законот за меѓународна и привремена заштита, а истите се во согласност со Директивата на ЕУ 2013/33/ЕУ. Во член 64 се утврдени мерките за ограничување на слобода на движење, во член 65 е утврден органот кој донесува одлука за ограничување на слобода на движење, како и правата на барателот на право на азил во член 66 од предметниот Закон.

Законот за меѓународна и привремена заштита во фазата на негово подготвување беше доставен на мислење до Европската комисија во Брисел, како и преку Канцеларијата на

УНХЦР во Скопје до седиштето на УНХЦР во Женева и во истиот се земени во предвид, соодветно анализирани и инкорпорирани нивните забелешки.

Во однос на тезата на подносителот на Иницијативата дека со членот 63 е повреден член 12 и член 8 алинеи 1 и 3, односно се повредени основните човекови права и слободи признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, се укажува:

Во член 12 став 2 од Уставот на Република Македонија децидно е утврдено дека:
„Никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и постапка утврдена со закон", со што произлегува дека ограничувањето на слободата може да биде во случаи и во постапка утврдена со закон што е испочитувано во однос на оспорените членови од Законот за меѓународна и привремена заштита.

Во овој контекст, а притоа анализирајќи го членот 63 од Законот за меѓународна и привремена заштита децидно и таксативно се наброени случаите на кои може на барателот на азил да му се ограничи слобода на движење и тоа единствено за целите на управната постапка и тоа:

- утврдување и проверка на идентитет и државјанство,
- утврдување на фактите и околностите врз основа на кои е поднесено барањето за право на азил, а кои не можат да се утврдат без ограничување на движење, посебно ако се процени дека постои ризик од бегство,
- заштита на јавниот ред или националната безбедност или
- задржување на странецот заради постапка согласно со прописите за странци за враќање на странци кои нелегално престојуваат во земјата, со цел да се подготви враќањето или да се спроведе процесот на отстранување, а веќе имал пристап до постапката за признавање на право на азил, а постои разумен основ да се верува дека поднел барање за меѓународна заштита со цел да се одложи или отежни извршувањето на одлуката за враќање.

Со таксативното утврдување на тоа во кои случаи единствено може да се изрече мерка ограничување на слобода на движење, се напушта концепт на дискреционост во одлучувањето. Воедно, Законот децидно и недвосмислено го утврдува Министерството за внатрешни работи како орган кој може да ја изрече мерката, поради фактот што постапката е управна и се однесува за случаи кои се во фаза на одлучување во прв степен. Исто така, во Законот е нормативно утврдена можноста за тужба пред Управен суд, со што е испочитувано уставно загарантираното право на тужба односно на ефективен правен лек.

Член 66 од  Законот за меѓународна и привремена заштита:

„Права на барателот на право на азил при ограничување на слобода на движење

Член 66

(1) Барателот на право на азил на кој му е изречена мерка ограничување на слобода на движење има право веднаш да биде информиран на јазик за кој разумно може да се претпостави дека барателот на право на азил го разбира, за правото на тужба и остварување на правото на бесплатна правна помош.

(2) За ранливи лица и малолетните лица без придружба мерката сместување во Прифатен центар за странци се применува само врз основа на индивидуална оценка, како и претходна

согласност од страна на родителот, односно законски утврдениот старател, дека такво сместување одговара на нивните лични и посебни околности и потреби, имајќи ја предвид нивната здравствена состојба.

(3) Со акт на Прифатниот центар за странци се уредува сместувањето на малолетните лица без придружба и ранливите лица".

Во наведениот член се утврдени процедурални гаранции, во однос на правото барателот веднаш да биде информиран на јазик за кој разумно може да се претпостави дека барателот на право на азил го разбира, за правото на тужба и остварување на правото на бесплатна правна помош; за ранливите лица мерката ограничување на слобода на движење се применува само врз основа на индивидуална оценка, како и претходна согласност од страна на родителот, односно законски утврдениот старател, дека такво сместување одговара на нивните лични и посебни околности и потреби, имајќи ја предвид нивната здравствена состојба.

Резимирајќи го наведеното, а во релација со членовите од Законот кои го регулираат ограничувањето на слободата на движење, се истакнува дека децидно се утврдени случаите на ограничување на слобода на движење единствено за целите на управна постапка; загарантиран е ефективен правен лек во однос на одлуката на Министерството со која е изречена мерката ограничување на слобода на движење, како и се утврдени процедурални гаранции за барателот на азил, на кој се однесува изречената мерка.

Воедно, компаративно гледано, се нотира фактот дека во националните законодавства кои ја регулираат областа на азил, односно меѓународната заштита во земјите во регионот (Република Хрватска и Република Словенија кои се земји членки на Европската Унија), но и во Законот за меѓународна заштита на Црна Гора која веќе ги има отпочнато преговорите за членство во Европската Унија, мерката ограничување на слобода на движење на барателот на право на азил е идентично регулирана.

Со оглед дека подносителот на Иницијативата се повикува и на повреда на Европската конвенција за човекови слободи и права, се укажува на член 2 од Протокол број 4 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи со кој се признаваат некои права и слободи кои не се наведени во Конвенцијата и во Протоколот број 1 кон Конвенцијата Стразбур, 16 септември 1963 година каде е утврдено:

Слобода на движење

Член 2

1. Секое лице кое законски се наоѓа на територијата на една држава, има право слободно да се движи во неа и слободно да го избере своето место на престојување.

2. Секое лице е слободно да ја напушти која и да е земја вклучувајќи ја и својата.

3. Остварувањето на тие права може да биде предмет само на оние ограничувања кои се предвидени со закон и кои претставуваат неопходни мерки во интерес на националната безбедност, јавната безбедност, одржувањето на јавниот ред, спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на другите во едно демократско општество.

4. Правата признати во првиот став можат да бидат предмет и на ограничувања во некои области доколку таквите со закон предвидени ограничувања ги оправдува јавниот интерес на едно демократско општество.

Цитирајќи го членот 2 став 3 од Протокол број 4 кон Европската конвенција за човековите слободи и права може да се заклучи дека ограничувањето на слобода на движење уредена во новиот Закон за меѓународна и привремена заштита е во согласност со Уставот на Република Македонија, притоа почитувајќи ги одредбите од член 2 став 3 од Европската конвенција за човековите слободи и права.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека оспорените одредби од членовите 63 и 65 од Законот за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2018), се во согласност со член 12 ставовите 1, 2 и 4, член 8 алинеи 1 и 3 и член 118 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член членовите 63 и 65 од наведениот закон.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 28872 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.1068, викано место/улица „ул. 23“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56236 за КО Штип 6 и Имотен лист бр.20758 за КО Штип 6 на КП бр.10791 викано место Горни Бунар и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13024 за КО Сарај на КП бр.10563/2 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на сосопственички дел од недвижен имот – земјиште кое претставува 36/50 идеален дел од КП бр. 7148/2 КО Карпош евидентиран во имотен лист бр. 79805, доставена од нотар Жаклина Николиќ од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата доставена од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5129 за КО Драчево 2 на КП бр.6970 викано место

Дашкова Црница, и по Понудата, ги усвои Мислењето од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Драган Иванов од Скопје за продажба на идеален дел од недвижен имот, со Имотен лист бр.54371 за КО Кисела Вода 1, КП 4552/3, викано место/улица М. Мијалковиќ 18 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1836 и Имотен лист бр.26787 за КО Јурумлери на КП бр.435 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 43**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување), доставени под И бр.813/18 и по Известувањето ги усвои мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии, како и мислењето што Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје ќе го достави до Владата.

**Точка 44**

**1.** Владата го именува Стојанче Ангелов за Национален координатор за здруженијата на бранители.

**2.** Владата донесе Решение за изменување на Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација, со кое во точка 2 потточка б) во алинејата 7 зборовите „Билен Саљији“ се заменуваат со зборовите „Рената Дескоска“.

**3.** Владата на Игор Трајановски, разрешен од должноста заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, му утврди право за остварување плата по престанување на функцијата за време од шест месеци, сметано од 29.5.2018 година до 29.11.2018 година.

**4.** Владата ја разреши Весна Гешовска –Кувенџиска од должноста членка на Управниот одбор од редот на вработените на предлог на Советот на вработените на ЈП Службен весник на Република Македонија, поради стекнување право на старосна пензија.

**5.** Владата го разреши Гого Видимче од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола.

5.1. Владата ја именува Ерика Пешкоска за членка на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола.

**6.** Владата го именува Стојан Коциров за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче"-Велес.

**7.** Владата го именува Александар Стојановски за член на Одборот за надзор на материјално-финансиска контрола на Институтот за акредитација на Република Македонија.

**8.** Владата за членови на Одборот за контрола на материјално -финансиското работење на Институтот за стандардизација на Република Македонија, ги именува:

- Лазар Коцев и
- Благој Гелевски.

**9.** Владата за претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, ги именува:

а) За претседателка:

-Марија Митевска од Министерство за финансии

б) За членови:

-Гајур Рамадани од Министерството за локална самоуправа,
-Оливера Ливриниќ од Министерството за култура,
-Фламуре Бериша од Министерството за животна средина и просторно планирање,
-Дејан Д.Николовски од Министерството за здравство,
-м-р Миљазим Мустафа од Министерството за правда,
-Лидија Штерјов од Министерството за труд и социјална политика,
-Јован Гиовски од Агенцијата за млади и спорт,
-Назухтере Сулејмани од Министерството за образование и наука,
-проф. д-р Весна Симовска- ХЕПА, Македонска национална организација за унапредување на здравјето со физичка активност и
-Илир Идризи- Фондација за развој на образование и култура АЛБИЗ.

**10.** Владата го отповика Исуф Сефери од должноста в.д. независен член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (АД МЕПСО).

10.1. Владата го избра Мусли Муслиу за независен член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (АД МЕПСО).

**11.** Владата го отповика Лазар Коцев од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД – Скопје.

**12.** Владата ги одложи од разгледување предлозите за именување претседател и членови на Инспекцискиот совет, поради дополнителни усогласувања.

**13.** Владата го одложи од разгледување предлогот со препорака до Собранието на акционери на Македонски телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје за отповикување и избор на извршен член на Одборот на директори, поради дополнителни усогласувања.

**Точка 45**

**1.** По повод Заклучокот донесен на Педесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 13.3.2018 година, Точка 17, а во врска со Информацијата за проценетите штети од неповолните климатски настани во 2017 година, процесирани согласно Закон за земјоделство и рурален развој, Владата заклучи Заклучокот број 2 да се измени и да гласи:

„2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да изработи и до првата наредна седница на Владата да достави Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, во која процентот на обесштетување е 10 проценти“.

**2.** Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан и ја донесе Одлуката, со заклучок Генералниот секретаријат на Владата да достави нов усогласен текст на Одлука согласно расправата на седницата на Владата, во насока во Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан бр.44-2033/1 од 20 март 2018 година, во членот 2 бројот „250“ да се замени со бројот „300“.

**3.** Владата заклучи Секретаријатот за европски прашања да ја дополни Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија - ревизија 2017-2019 година, со Предлог-законот за изменување на Изборниот законик.

**4.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за транспорт и врски со кое Министерството информира за успешно завршените проекти („Рехабилитација на автопат Куманово-Миладиновци“ и „Опремување на Железничката станица во Скопје“) и согласно тоа заклучи да престанат да важат заклучоците од 99-та седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година (Точка 6, Прашања и предлози).

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 9.7.2018 година до 15.7.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 46**

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Министерството за правда (сметка на основен буџет 637 и 631 и депозитна сметка 696), како материјали за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за правда да подготви акциски план со точно дефинирани рокови и носители на активности за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на регуларност за 2016 година, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се препорачува на Државниот завод за ревизија да постапи по службена должност за Конечниот извештај.

3. Се задолжуваат сите министерства и другите органи на државната управа, во сите случаи каде што има основа за сомневање во исправноста во постапката при изградбата на објектите за кои се тие инвеститори, да покренат постапка за одземање на лиценцата на изведувачите за тој објект (проектанти, ревиденти, надзор, изведувач и др.).

**Точка 47**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Државен завод за статистика во 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен извештај за спречување на неправилности и сомнежи за измами, согласно Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување на неправилностите во текот на 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2017 година, со табеларен преглед – збирен извештај за финансиско работење, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014 - 2020 во Министерството за труд и социјална политика, за периодот јануари - мај 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го одложи разгледувањето на Првиот годишен извештај за имплементацијата на „Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика - ЕСРП 2020“ за 2017 година за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата мислење по материјалот да достави Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите со повторно определување на пензиите во врска со одржана средба помеѓу делегациите на Република Македонија и Република

Србија за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Изборниот законик, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Никола Прокопенко, раководител на сектор во Министерството за правда.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за еднostran раскин на Договорот за давање концесија на риби за вршење стопански риболов со бр. 41-6502/1 од 22.8.2012 година на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за еднostran раскин на Договорот за давање концесија на риби за организирање рекреативен риболов со бр.41-6496/1 од 22.8.2012 година на рекреативната зона „Охридско Езеро“, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност на Решението за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари по Јавен оглас бр.04/18, со нов текст на Предлог–решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари по Јавен оглас бр.04/18, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Пехчево кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје со Предлог-одлука за задолжување на Општина Пехчево со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Пехчево со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија,транспорт и услуги Ф&М 2017 ДОО Експорт-Импорт с. Врапчиште,

Гостивар за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги Ф&М 2017 ДОО Експорт-Импорт с. Врапчиште, Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот септември 2018 – септември 2020 за потребите на населението на Република Македонија и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за здравство да започне постапка за повеќегодишна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и инсулински пумпи со потрошен материјал за периодот септември 2018 – септември 2020 за потребите на населението на Република Македонија.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на подготвителни работи и претходна анализа за можноста за воспоставување на јавно приватно партнерство преку формирање регионален проект за фракционирање на крвна плазма и безбедност во снабдувањето со крв и притоа заклучи во насловот на Информацијата и во Предлог заклучоците зборовите „за воспоставување на јавно приватно партнерство преку“ да изостанат и истите да гласат:

1. Ја усвои Информацијата за започнување на подготвителни работи и претходна анализа за можноста за формирање регионален проект за фракционирање на крвна плазма и безбедност во снабдувањето со крв.

2. Се задолжува Министерството за здравство да започне подготвителни работи за формирање регионален проект за фракционирање на крвна плазма и безбедност во снабдувањето со крв.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за Национална стратегија за сајбер безбедност 2018-2022, со текст на Национална стратегија (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја усвои Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022, со следнава измена:

- на страна 33 од Стратегијата во делот - Тело со оперативни капацитети за сајбер безбедност, да се коригира првиот став во насока дека „телото со оперативни капацитети за сајбер безбедност може да се формира како новоформиран самостоен орган (агенција, дирекција) или како новоформирана организациска единица, односно орган во рамки на постоечки орган“.

2. Се задолжува Работната група за изработка на стратешки документи од областа на сајбер безбедноста, во рок од три месеци од усвојувањето на Националната стратегија за сајбер

безбедност на Република Македонија 2018-2022, да подготви Акциски план кој ќе ги содржи мерките и активностите за реализирање на поставените цели во Стратегијата.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за Стратегијата за отворени податоци, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја усвои „Стратегијата за отворени податоци 2018-2020“.

2. Го усвои „Акцискиот план за Стратегијата за отворени податоци 2018-2020“.

3. За финансирање на активностите од Стратегијата за отворени податоци 2018-2020 година за кои нема да се обезбедат финансиски средства од надворешни/донаторски извори, ќе се обезбедат средства од Буџетот на Република Македонија, во согласност со планираната динамика на реализација.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Модернизација на системот за управување со човечки ресурси (ХРМИС)“ и барање одобрение за спроведување на повеќегодишна јавна набавка „Модернизација на системот за управување со човечки ресурси (ХРМИС)“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде одобрение за започнување на повеќегодишна јавна набавка „Модернизација на системот за управување со човечки ресурси (ХРМИС)“.

2. Се задолжува Министерство за информатичко општество и администрација да започне активности за реализација на јавна набавка за проектот „Модернизација на системот за управување со човечки ресурси (ХРМИС)“, каде плаќањето е планирано да биде реализирано во три години, односно за 2019 година во износ од 14.000.000,00 денари, за 2020 година во износ од 18.000.000,00 денари и за 2021 година во износ од 18.000.000,00 денари, средства кои ќе бидат планирани во предлог-буџетското барање за период 2019-2021.

**Точка 64**

Владата го разгледа Барањето на Александар Кировски за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид Мислењата на Агенцијата за млади и спорт и Управата за безбедност и контраразузнавање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од вработување на референт за ромски прашања во единиците на локалната самоуправа и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија

и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, да одржат заедничка средба со градоначалниците на општините Битола, Прилеп, Велес, Гостивар, Тетово, Неготино, Струмица, Куманово и Берово најдоцна до крајот на јули 2018 година.

2. Се задолжува Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, да ја информира Владата за одржаниот состанок со градоначалниците на општините Битола, Прилеп, Велес, Гостивар, Тетово, Неготино, Струмица, Куманово и Берово.

Се препорачува на градоначалниците на општините Битола, Прилеп, Велес, Гостивар, Тетово, Неготино, Струмица, Куманово и Берово да ги разгледаат можностите за вработување на референт за ромски прашања.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**